Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-1026/3
6.12 2006 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ЕКОНОМСКА СОЦИОЛОГИЈА (СОЦИОЛОГИЈА НА ПАЗАРИТЕ И НЕФОРМАЛНА ЕКОНОМИЈА); СОЦИОЛОГИЈА НА ТРУДОТ И ОРГАНИЗАЦИИТЕ; УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ; СОВРЕМЕНА НАУКА (ПОСЛЕ 1914); ИДЕЈАТА ЗА ОБЕДИНЕТА ЕВРОПА И ИСТОРИЈАТА НА ЕУ; ОПШТА СОЦИОЛОГИЈА; СОЦИОЛОГИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ СТРУКТУРИ (СОЦИОЛОГИЈА НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ ПОЛОВИТЕ)

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата седница од 04. 10. 2006 год. не избра за членови на рецензентска комисија за отцена на научните, стручните и педагошките квалификации на д-р Милева Ѓуровска, која единствена се пријави на објавениот конкурс во весникот Дневник на 17. 09. 2006година, за избор на наставник по наведените областите. Откако ги разгледавме пријавата, поднесената документација и приложените трудови, чест ни е да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката Милева Ѓуровска е родена на 30 Октомври 1957 година во Кичево, Р. Македонија. Основно образование (Крсте Мисирков - Скопје), гимназија (Орце Николов-Скопје) и високо образование (Филозофски Факултет-Скопје, група за Социологија) завршила во Скопје. Магистрирала со темата *Социјалната работна средина како фактор за мотивација на работниците во производството* во 1988 година на Институт за социолошки и политичко правни истражувања, а својот докторат под наслов *Влијанието на социјалние фактори во вертикалната подвижност на жените во доменот на трудот* го одбранила во 1996 година на Филозофскиот факултет во Скопје.

Вработена е на Филозофскиот факултет во Скопје од 1981 год. првин како помлад асистент, а потоа и во наставните звања, асистент, доцент, а денес е во звањето вондреден професор.

Кандидатката Милева Ѓуровска се профилираше како наставник во една група на предмети кои имаат економски предзнак или се во поширокото подрачје социологијата на економијата или економска социологија. Како асистент, држела вежби по предметите политичка економија, основи на економијата, социологија на трудот, а како наставник, држела настава по предметот социологија општ курс, а петнаесетина години го развива профилира и унапредува предметот социологија на трудот. Предметот на нејзината научна и сручна работа и истражување е една широка лепеза на современи тематски содржини кои се реактуелизираа во периодот на транзицијата на политичкиот систем кои во основа се во доменот на економската социологија како што се: социологија на организациите и претпријатијата, неформалните пазари и економија, пазарот на трудот и политиката на вработување, управувањето со човечите ресурси, работната средина и социјалниот дијалог во организациите како и прашањата поврзани со културата на претпријатието.

Учествува во реализација на наставата по Социлогија на трудот на последипломските студии по Социологија како и на Европските студии за интеграција при Институтот за социологија. Со оформувањето на оваа насока на последипломски студии таа активно придоенесува во релизацијата на курикулумот на оваа насока, пројавувајки посебен интерес за Европската социјална политика, социјалниот дијалоготот, претприемништвото и полтиката на вработување во ЕУ.

## НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

### А. Учество во мегународни организации и невладини асоцијации

Кандидатката Милева Ѓуровска од 1995 година е член на Меѓународната асоцијација на социолозите од фанкофонското јазично подрачје (AISLF). Покрај нејзините учества на значајните стручни манифестации организарани во рамките на АИСЛФ (конгреси, конференции и семенири) таа во 2000 година организираше меѓународна конференција на социолозите која се одржа во Охрид со учество на стотина истакнати социолози од земјата и странство. Исто така таа е одговорна и за Центарот за меѓународен социоекономски развој (CEDIMES) чие седиште е во Париз, а во чии контекст таа исто така ја органираше меѓународната конференцијата *Проширената Европа и нејзините предизвици* на која зедоа учество над сто странски и домашни учесници-универзитетски профсори. Од двете конференции беа објавени зборници на трудовите на француски јазик. Нејзиниот ангажман на планот на франкофонијата вклучува и многу други активности на планот на популаризацијата на францускиот јазик и култура во нашата академска средина, за кои ангажмани ја доби наградата Palm Academique која што ја доделува Министерството за образование на Франција.

Кандидатката Милева Ѓуровска пројавува извонредна активност и превзема ангажмани и во секторот на невладините организации. На контото на нејзините активности, како член на Европското движење на Р. Македонија и припаѓа и реализацијата на проектот: *Знаејќи повеќе за Европа и ЕУ знаеме повеќе за нас,* која го реализираше заедно со своите последипломци, што значително придонесе за афирмацијата на европскста идеја и интеграции во нашата средина.

Во текот на 2002-2006 преку Европското движење на Р. Македонија поново, со студентите последипломци го реализираше проектот: *Недела на ЕУ во средните училишта*, каде околу 10 000 средношколци во период од четири години ги учеа базичните приципи и вредностите на кои почива и функционира ЕУ.

Активно учествува во работата на Здружението за социологија на Р Македонија, а моментално, кандидатката д-р Милева Гуровска е главен и одговорен уредник на часописот Социолошка ревија, што го издава Здружението за социологија на Р Македонија.

### Б. Научно - истражувачки и стручни проекти реализирани по последниот избор за вонреден професор (2001)

Во изминатиот период од пет години кандидатката Милева Ѓуровска работела на повеќе научно истражувачки проекти. Во 2001 година беше завршен меѓународниот проект TACTCS (со подршка на EU-Inco Copernicus програмата) чии извештаи за РМ броеше над 1000 страници сместени на веб страницата на овој проект.

Во 2002 година започна да се реализара анкетата спред моделот на European Social Survay насловена како СЕЕПСС (South East European Social Survay). Овој проект беше подржан од Норвешката влада и министерство за образование на

Норвешка и во кого беа координирани експерти шест земји од Балканот. Кандидатката учествуваше во конструкцијата, адаптацијата и реализацијата на прашалникот. Тоа е анкета чии резултати имаат компаративна вредност и тоа не само во однос на земјите од Балканот туку и со земјите членки на Европската унија. Овој проект со околу 600 варијабли и на примерок од 2500 респонденти обезбедува висок степен на репрезентативност со што тој добива голема научна вредност бидејќи дава можности да се дефинираат статистички значајни односи меѓу одредени варијабли. Осебно е значаен фактот што овој прокет даде можност за стручно усовршување и обука на повеќе млади кадри во доменот на напредната статистстичка обработка на податоците со СПСС апликативна програма. Проектот сеуште е во фаза на дооформување на заедничката база на податоци за сите земји после што ќе следи заедничка публикација за регионот.

Во 2002 година кандидатката Милева Ѓуровска беше раководител на проектот *Претприемничката култура во Република Македонија и Република Бугарија*, во рамки на проектот: *Иновативна социологија*, проект беше реализиран во 116 македонски претпријатија и 204 бугарски претпријатија. Главната цел на овој проект беше да ги обучи студентите по социологија во одредени теренски практики (анкета, интервју), но и да се добијат податоци за културата на петприемачите. Беше за прв пат адаптирана скалата за мерење на вредностите на Г. Хофстеде и склата за маерење на културната дистанца на Г. Тромпенарс. Резултатите од овој прокет се солидна основа за поставување на хипотзи за натамошни проучување на поврзаноста меѓу културниот контекст и однесувањето на луѓето во доменот на трудот.

Во неколку проекти кандидатката се нашла во улога на аналитичар интерпретирајќи ги подотците од анкетните истражувања реализрани од страна на различни истражувачки тимови и организации. Таква е анализата на проектот *Политичките вредности, политичката партиципација и институционалниот контекст на Република Македонија*; Проект на USAID. Овој проект ја снабдува кандидатката со уште една емпириска база на податоци, многу значајна за длабинското спознавање на општесвените промени.

Кандидатката покажува значаен интерес и во доменот на истражувањето на проблеми поврзани со социјалната димензија. Имено, во периодот на 2005 година таа емпириски го проучуваше синдикализмот и социјалниот дијалог во РМ. Иако резултатите од ова истражување немаат сеуште јавен карактер бидејќи беа правени за потребите на Меѓународната организиација на трудот, ова истражување освен спознавање на историјатот и фактичката состојба тоа доби и димензија на акционо истражување помагајќи во градење на инситуциите и афирмирајќи го значењето на социјалниот дијалог во нашата средина.

Во проектот Тренинг центар за Европски интеграции на Tempus_JEP кој го реализираше Економски факултет-Скопје какндидатката учествуваше во реализацијата за обуката за млади кадри за теми од доменот на европската социјална политика.

Во 2006 година беше дел од меѓународната екипа која работеше во проектот Развојот на општество базирано на знење кординиран од страна на Меѓународниот институт за проучување на пазарот на трудот FORBA од Австрија и ASO (Austria and South Eastern Europe). Резултатот од овј едногодишен проект, кој сеуште е во тек ќе биде заедничка публикација во која ќе бидат анализирани основните индикатори кои го чинат концептот на *Општевото базирано на знаење* (вработливост, развој на претприемништвото, развој на социјалниот дијалог, информатичкото општество и дифузијата на новите технологии).

## В. Учество на меѓународни конгреси и конференции

Како активен член на Меѓународната асоцијалција на социолози франко фони и како одговорана на Работната група 24 (Group de travail) кандидатката редо вно учествува на конгресите и на конференциите од нејзиното подрачје на интерес. Во последните пет години има учествувана на повеќе од десет меѓународни конференции со пошувани соопштенија и реферати кои се приложени во биографскиот дискурс на кандидатката.

Од активностите на меѓународен план, односно од учеството на меѓународните конференции и конгреси сепак треба да се истакне нејзината улога како учесник и организатор на меѓународната конференција *Проширената Европа и нејзините предизвици* која беше организарана во Охрид во март 2006 година, на многу високо академско ниво со учество на повеќе од сто универзтетски професори од повеќе универзитетски центри на Европа.

## Г.Печатени трудови (книги, статии..) од последниот избор за вонреден профессор

Од последниот избор за вонреден професор кандидатката д-р Милева Ѓуровска приложила четири печатени книги како автор или коавтор и осум статии објавени во научни списанија и периодика.

КНИГИ:1.Социологија, универзитетски учебник, Филозофски факултет, Скопје,2006 година

2.Социологија во Југоисточна Европа ( коавтор) Скопје 2003.

3.Социологија, учебник за II година реформирано гимназиско образование (коавтор), Скопје,2003

4 . Социологија, учебник за III година реформирано гимназиско образование (коавтор), Скопје,2004

СТАТИИ: 1.Задоволството од сегашниот животен стандард, Социолошка ревија 1/ 2, 2006, Скопје;

2.Икономика и етичност-икономическијат преход в Македонија и некои дилеми, сврзани с етическија конфликт, во Зборникот Докторатура по социологија, Софија,2002;

3.Social aspects of the Integration во Зборникот European Integration: Polish and Macedonian Experience, Скопје,2004;

4. Улогата на образованието оо создавањето на поволни услови за интегрирање на Р. Македонија во ЕУ; Зборик од проектот: Кон ЕУ заедно, Економски факултет Скопје, 2004;

5. Culture and enterpreneurship in the Republic of Macedonia, во Зборникот: The Consequencis of Great Transformation, Krakow, 2002;

6. La culture d`entreprise des Balkans, во зборникот; Petites Societes et Minorites Nationales, Quebec, Canada,2005;

7.La trasition et l` economie, во збиорникот: Trasition et „RE„ Construction des Societes, Ohrid, 2001;

8.Водечки принципи на ОЕЦП за мултинационалните компании, ССМ, Скопје, 2005.

Во оваа прилика само накратко ќе укажеме на значењето на една книга и три статији објавени во последниве години.

Од публицистичката дејност на кандидатката Милева Ѓуровска најпрво го издвојуваме универзитетскиот учебник *Социологија* кој е наменет за студентите по новата студиска програма според која курсот Социологија се слуша еден семестар.

Станува збор за учебник во кој се разработени речиси сите најзначајни теми за современите општесвени процеси.

Според содржината во учебникот *Социологија* се опфатени сите значајни општествени проблеми во современото живеење. И покрај современоста на темите, поимите се концизно дефинирани со непходниот степен на теориска конзистентност и документирана аргументираност.

За развој на концепциската база на учебникот користена е сосем *внимателно* странска литература. Општите поими преземни од пошироката литература мошне успешно се прилагодени на специфичностите што ги поседува македонското општество. Со тоа, предностите на овој учебник се токму во можноста да се усвои научната терминологија, да се продре во внатрешната природа на општевените феномени и истите да бидат препознаени во сопствената општествена реалност.

Учебникот се одликува со лесно разбирлив стил, систематичност во развивањето на поимите и логичка конзистентност. Се врши еден логичен премин на поимите од поапстрактен карактер кон конкретен, како што се на пример: општество, поединец, политика. Социолошките категории се презентирани на начин што ќе му овозможи на студентот без поголеми тешкотии да изгради претстави за нив.

Статијата насловена како *Social aspects of EU integrations, employments and unemployment in RM*; European Integration, Polish and Macedonian experience, објавена во Зборникот на трудови од VIII Скопско - Краковски семинар, кандидатката детално го истражува проблемот поврзан со човечките ресурси. Основната идеја во оваа статија е дека економиите кои претендираат да се развиваат според еден модел однапред се осудени на неуспех. Успехот на една економија ќе зависи од тоа каков пристап ќе се има кон реалноста. Радикалниот курс кон пазаранта економија, целосната либерализација и отвореност во почетокот на трнзицијата, модел кој добро функционира во американската економија, го оддалечи вниманието од реалноста на клучните актери. Последиците од сето тоа беа: социјалната имплозија (зголемување на бројот на приматели на социјална помош), социјална несигурност, висока стапка на невработеност, ниски доходи на вработените, состојби кои се аргументирани со факти преку статистиката но и преку емпириски истражувања спроведени во РМ.

Статијата *Задоволството од сегашниот животен стандард на населението во Република Македонија*, е објавена во Социолошка ревија, 1-2 / 2006. Оваа стаија е значајна поради градењето на социолошкиот пристап кон оваа материја која вообичаено се потпира врз статистички податоци. Невработеноста е појава која не треба да се разгледува само од аспектот на статистиката, тоа е начин на кој живее целото семејство. Врз основа на аргументи од емпириските истражувања кандидатката врши дијагноза на општеството споредувајќи ги сегашните состојби со оние пред 1990. Во оваа стаија дојдено е до одредени податоци преку напредни компјутерски статистички методи (АНОВА и мултиваријантна анализа) преку кои се дефинирани асоцијации меѓу варијаблите.

Статијата La culture d`entreprise des Balkans е објавена во книгата насловена како *Petites socites et minorites nationales, i* претставува зборник од трудови на повеќе автори што ја издаде универзитетот во Отава. Во неа авторот пишува за претприемничката култура во Р. Македонија и Р. Бугарија. Овие анализи се напрвени врз една солидна теориска елаборација во која доаѓаат до израз анализите на познатите светски истражувачи во доменот на економската култура како што се Philip d'Iribarne i Renaud Sainsaulieu, но и врз емпириското истражување спроведено во овие две земји, кое веќе беше споменато. Општите заклучоци се дека во РМ домира патријархалната авторитарна струкура, колективизмот и целосно прилагодување на несигурноста како начин на перцепција на реалниот општествен живот

**Заклучок и предлог:**

Од последниот избор во зваањето вонреден професор во 2001 година кандидатката д-р Милева Ѓуровска успешно ја изведувала наставата по предметите: Социологија на трудот и социологија општ курс на Филозофскиот факултет во Скопје. Низ целокупната своја научноистражувачка работа и пиблицистичка дејност, кандидатката промислува за еконимијата, за големата трансвормација на системот, за социјалните проемни и социјалната структура и сопственичките односи со векабуларот и методологијата на социологијата, согледувајки ги тие преобразби како сегмент на глобалното општество. Учествувајки во бројни научно истражувачки проекти, научни собири и јавни трибини, таа израсна во забележителен социјален аналитичар од областа на социологијата на трудот, социологијата на претприемништовто, културата на трудот во претпријатијата, социјалната политика и социологијата на невработеноста и политиката на вработување и воошто хуманиот капитал кај општествата во транзиција.

Од последниот избор кандидатката д-р Милева Ѓуровска објавила сама или во кооавторство 4 книги и 8 статии публикувани во познати часописи и зборници. Повеќето објавени трудови ја обработуваат проблематиката на Економската социологија, социологијата на трудот и организациите, управувањето со човечките ресурси, промените со социјалните структури на општеството и проблемот на Европските интеграции низ социјалната перспектива. Поголемиот дел од научните трудови се резултат на научнитете, т.е.емпириските истражувања што кандидатката ги спровела сама или во соработка со разни научни тимови, па на тој начин преставуваат учебничка литература. Трудодвите на кандидатката Милева Ѓуровска се забележителни во пошироката научна и стручна јавност во Македонија и пошироко, за што сведочат бројните соопштенија што ги поднела на научните собири и конгреси. Кандидатката д-р Милева Ѓуровска е познат научен работник во областа на социологијата, социологијата на трудот и економската социологија, социјалогијата на организациите во нашата универзитетска јавност и пошироко. Во текот на својата досегашна работа се истакнала како успешен педагог со забележливи морални квалитети неопходни за работа со универзитетска младина. Земајки ја во предвид нејзината целокупна наставна, научна и останата општествена активност, фактот дека објавила голем број на книги и трудови, кои служат како учебничка литература, дека успешно ја изведува наставата на додипломските и последипломските студии за предметите за кои конкурира, дека поседува морални квалитети за работа со универзитетска младина, му предлагаме на Настано-научниот совет на Факултетот, д-р Милева Ѓуровска да ја преизбере во звањето редовен професор по нааучните обласит: Економска социологија (Социологија на пазарите и неформалната економија), Социологија на трудот и организациите; Управување со човечките ресурси; Современата наука по 1914 г.; Идеата за обединета Европа и историјата на ЕУ; Општа социологија; Социологија на социјалните структури;(Социологија на односите меѓу половите) на Филозофскиот факултет во Скопје.

Рецензентцска комисија:

Проф. д-р Христо Карталов ____________________

Проф. д-р Димитар Мирчев ____________________

Проф. д-р Петре Георгиевски ____________________

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-1026/06
22.01 2007 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 909/26 од 15. XII 2006 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница, одржана на 10. I 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
за избор на наставник

I

**1. Д-р Милева Ѓуровска** , вонреден професор по предметите: социологија на трудот, социологија, социологија на претпријатијата и теорија на организацијата на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје, се и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области :Економска социологија, Социологија на трудот и организациите, Управување со човечки ресурси, Современа наука (по 1914), Општа социологија и Социологија на социјалните структури , за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

**2.** Со извршениот избор именуваниот-ата засновува работен однос за времето на кое е избран-а, сметано од 11. I 2007 година.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот-ата, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски